# РЕАКЦИЈА

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ги демантира наводите од партиското соопштение на ВМРО ДПМНЕ и ги цени како несериозни, некоректни и необјективни. Лажна вест е дека РКЕ има одржано три прес конференции.

**Водејќи се од начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на најдобрите меѓународни искуства и практики РКЕ како тело кое е независно во своето работење и одлучување ќе продолжи да ја информира јавноста за сите донесени одлуки.**

**Ги повикуваме партиите доколку имаат интерес да се информираат за работата на РКЕ од извештајот на Енергетската Заедница според кои РКЕ е на прво место и во 2018 и 2019 година од 9-те регулаторни тела на земјите-договорни страни на Договорот за основање на Енергетската заедница.**